РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2407/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *македонски јазик* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## III ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, април 2010

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи да чита, пишува и да препишува со печатни и ракописни букви со кирилиско писмо;
- да се оспособи да ја пишува азбуката со кирилиско писмо - печатни и ракописни букви;
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да се оспособи да синтетизира зборови од дадени букви;
- да се оспособи да синтетизира кратки реченици од дадени зборови;
- да ги пишува правилно обработените поими (зборови);
- да препознава именки,  глаголи и да ги разликува како видови зборови;
- да ги користи елементарните граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- да се оспособува да именува и опишува суштества, предмети и дејства;
- да го збогати речникот со нови зборови;
- да развива чувство на припадност кон својата, како и почит кон другите култури;
- да се поттикнува да следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив;
- да може вербално да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да ја совлада дактилологијата на преостанатите неусвоени 8 букви (гласови) од македонската азбука;
- да го совлада знаковниот јазик на изучените поими-зборови;
- да се оспособи за читање на говорот од уста;
- да се оспособи за правилна артикулација на гласовите во македонскиот јазик.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: АРТИКУЛАЦИЈА НА ГЛАСОВИТЕ (ориентационо 50 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Напомена:** *Најнапред се изучуваат преостанатите 8 печатни букви од азбуката од претходната учебна година, а потоа се усвојуваат ракописните букви.*<br><br>**Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособи за правилна артикулација на гласови од македонската азбука (во слогови и во зборови во иницијална, медијална и финална положба);<br>▸ да се оспособи за аудитивна перцепција на гласовите со помош на сурдотехнички помагала;<br>▸ да се оспособи за читање на гласовите од уста;<br>▸ да ја совлада дактилологијата на гласовите;<br>▸ да синтетизира поими од дадени букви;<br>▸ да го препознава семантичкото значење на изучените поими. | ▸ Артикулација на гласот Ц<br><br>▸ Артикулација на гласот Х<br><br>▸ Артикулација на гласот Ќ<br><br>▸ Артикулација на гласот Љ<br><br>▸ Артикулација на гласот Ѓ<br><br>▸ Артикулација на гласот Њ<br><br>▸ Артикулација на гласот Џ<br><br>▸ Артикулација на гласот Ѕ<br><br>▸ Синтетизира-ње на поими | ▸ Артикулација<br><br>▸ Синтетизирање на поими | ▸ Вежби за читање на говорот од уста и користење на дактилологијата и гестот како помошно средство.<br>▸ Вежби за дополнување на испуштени гласови (букви) во дадени зборови.<br>▸ Вежби за составување на зборови (поими) од дадени букви.<br>▸ Вежби за корекција на артикулацијата на гласовите во зборовите.<br>▸ Вежби за правилна артикулација на гласовите во слоговите и зборовите.<br>▸ Вежби за препознавање на семантичкото значење на изучените поими. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК (ориентационо 30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да составува правилно проста реченица и правилно да ги подредува зборовите во реченицата; | ▸ Редот на зборовите во реченицата (именка, глагол) | ▸ Зборород во реченицата | ▸ Вежби за составување реченици по правилен редослед на зборовите во реченицата (именка и глагол). |
| ▸ да се поттикнува за правилна употреба на голема буква кај сопствени имиња, празници и географски поими; | ▸ Сопствени имиња (име и презиме), празници и географски поими (градови и села) | ▸ Име<br>▸ Презиме<br>▸ Град<br>▸ Село<br>▸ Празник<br>▸ Голема буква | ▸ Вежби за употреба на голема буква при пишување и изговор на сопственото име и презиме, името на мајката, таткото, бабата, дедото, братот, сестрата и сл.<br>▸ Вежби за употреба на голема буква при пишување и изговор на името на местото на живеење (град или село).<br>▸ Вежби за употреба на голема буква при пишување и именување на празници. |
| ▸ да разликува потврдна и одречна реченица; | ▸ Потврдна и одречна реченица | ▸ Потврдна и одречна реченица | ▸ Вежби за разликување и употреба на потврдна и одречна реченица (употреба на „не”, „има”, „нема” и сл.). |
| ▸ да ги утврди знаењата за сопствените именки; | ▸ Сопствени именки | ▸ Сопствени именки | ▸ Вежби за употреба на сопствени именки. |

Ѕ. Хорватовиќ

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да ги утврди знаењата за општите именки; | ▸ Општи именки | ▸ Општи именки | ▸ Вежби за употреба на општите именки. |
| ▸ да разликува број кај именките; | ▸ Број кај именките | ▸ Број | ▸ Вежби за разликување на зборови во еднина и множина (изучени поими). |
| ▸ да разликува род кај именките; | ▸ Род кај именките | ▸ Род | ▸ Вежби за разликување на зборови во машки и женски род (машки и женски имиња). |
| ▸ да го усвои поимот за глагол како збор кој означува работа, дејство, состојба;<br>▸ да го употребува помошниот глагол „сум"во сегашно време; | ▸ Глаголи | ▸ Глаголи | ▸ Вежби за употреба на глаголите (проста реченица со именка и глагол).<br>▸ Вежби за употреба на помошниот глагол „сум". |
| ▸ да ја знае функцијата на интерпункциските знаци и правилно да ги применува при читањето и пишувањето. | Интерпункциски знаци:<br>▪ точка<br>▪ запирка<br>▪ извичник<br>▪ две точки | Интерпункциски знаци:<br>▪ точка<br>▪ запирка (при набројување)<br>▪ извичник (при наредби)<br>▪ две точки (при набројување) | ▸ Вежби за препознавање и примена на интерпункциските знаци. |

* Сите видови зборови ги усвојуваат контекстно, а не се инсистира на строги дефиниции.

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЧИТАЊЕ И ОБРАБОТКА НА КРАТКИ ТЕКСТОВИ (ориентационо 50 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува за правилно гласно читање;<br>▸ да се оспособува за изразно читање со почитување на интерпункциските знаци (правилна артикулација на гласовите, зборовите и речениците, интонација, темпо и паузи при читањето);<br>▸ да се оспособува да меморира, односно рецитира неколку стиха;<br>▸ да го препознава семантичкото значење на изучените поими;<br>▸ да може да го препознае семантичкото значење на реченицата како целина. | ▸ Моето семејство<br>▸ Мојот дом<br>▸ Моето училиште<br>▸ Мојата училница<br>▸ Моите другари<br>▸ Ученички прибор<br>▸ Облека и обувки<br>▸ Храна (здрава и нездрава)<br>▸ Животни (домашни и диви)<br>▸ Птици<br>▸ Моето тело<br>▸ Денови<br>▸ Годишни времиња<br>▸ Празници<br>▸ Бои<br>▸ Пијалак | ▸ Татко, мајка, дедо, баба, брат, сестра<br>▸ Куќа, зграда, град, село<br>▸ Ученик, учител<br>▸ Тетратка, молив, гума, блок и др.<br>▸ Палто, фустан, панталони, патики, чевли, чизми и сл.<br>▸ Овошје, зеленчук, сендвич, пица и сл.<br>▸ Крава, коњ, магаре, овца, коза, волк, лисица, мечка и сл.<br>▸ Кокошка, петел, орел и сл.<br>▸ Глава, раце, нозе и сл.<br>▸ Понеделник, вторник, среда, ....<br>▸ Пролет, лето, есен, зима<br>▸ Велигден, Нова година, Божиќ, Осми март.......<br>▸ Црвена, жолта, зелена<br>▸ Пиво, вино, млеко, сок, вода | ▸ Вежби за правилна артикулација на зборовите во реченицата.<br>▸ Вежби за корекција на артикулацијата во изговорот на гласовите.<br>▸ Вежби за читање со македонско кирилско печатно и ракописно писмо.<br>▸ Вежби за читање со разбирање на семантичкото значење на текстот.<br>▸ Вежби: рецитирање стихови на одбрани актуелни теми (детска поезија). |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: КУЛТУРА НА УСНО И ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ (ориентационо 122 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| ▸ да се оспособува да известува за видени, доживеани настани, настани според слики и според дадени зборови;<br>▸ да се оспособува да опишува предмети, суштества, содржини од слики;<br>▸ да се оспособува самостојно да искажува пораки, наредби, поздрави, емоционални состојби;<br>▸ да се оспособи да дава кратки одговори на кратки прашања;<br>▸ да се оспособи за именување на предмети, суштества, дејства и сл.; | ▸ Самостојно искажување на пораки, наредби, поздрави и емоционални состојби и сл.<br>▸ Репродукција на македонската азбука<br>▸ Разговор на теми од животот во семејството, училиштето и непосредната околина<br>▸ Воочување на зборови со исто значење<br>▸ Воочување на зборови со спротивно значење<br>▸ Рецитирање куси стихотворби | ▸ Опишување<br>▸ Известување<br>▸ Именување<br>▸ Рецитирање<br>▸ Самостојно изразување | ▸ Вежби за именување предмети, лица, настани, појави, дејства, случувања по дадени слики.<br>▸ Вежби за опишување на одредени предмети, суштества и сл. по налог и/или по сопствен избор.<br>▸ Вежби за самостојно усно известување за виден и/или доживеан настан.<br>▸ Вежби за самостојно искажување на пораки, наредби, поздрави, емоционални состојби. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▸ Користење на прашални форми<br>▸ Опишување на предмет, суштество, дејство, слика и др.<br>▸ Известување за виден, слушнат и доживеан настан<br>▸ Именување на суштества, предмети, дејства<br>▸ Поздрави: добро утро, добар ден, добра вечер, добра ноќ, пријатно, здраво | | |
| ▸ да се поттикнува да пишува писмо, честитка; | ▸ Пишување честитка<br>▸ Пишување писмо | ▸ Честитка<br>▸ Писмо | ▸ Вежби за пишување на честитка, писмо. |
| ▸ да препишува правилно зборови;<br>▸ да препишува правилно | ▸ Препишувањ е на зборови, кратки | ▸ Препишување | ▸ Вежби за правилно препишување на текстови од печатно на ракописно. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| реченици и кратки текстови. | реченици и кратки текстови или делови од текстови (од печатно на ракописно)<br>▸ Препишување на зборови на печатно кирилско писмо | | |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: запознавање на околината, математика, ликовно образование, музички стимулации и ритмички вежби и физичко и здравствено образование.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови* - 252 часа годишно, 7 часа неделно.

По наставни подрачја се предлага: Артикулација на гласовите - 50 часа; Јазик (граматика) - ориентационо 30 часа; Читање и обработка на кратки текстови – ориентационо 50 часа; Култура на усно и писмено изразување – ориентационо 122 часа.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (Артикулација на гласовите, Јазик (граматика), Читање и обработка на кратки текстови, Култура на усно и писмено изразување).

При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид специфичностите на условите за изведување на наставата. Со планирањето треба да се има предвид респективната вредност на структурните подрачја. Исто така, треба да се уважува фактот дека на

програмските содржини од предметното подрачје, во планот за работа, им се дава место и се планира времето за нивна реализација според нивната образовно-воспитна вредност во однос на програмските цели и задачи. Појдовна основа при планирањето треба да биде наставната материја, а временскиот рок да зависи од неа. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

- *Наставни средства:*

- интерен учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот-буквар и читанка;
- енциклопедии, речници и сл.;
- Интернет, образовни софтвери (*Tool Kid* и др.);
- списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот -ЦД и др. литературни текстови, звучна читанка);
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, национални паркови итн.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е во функција на квалитетно планирање и реализирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалниот развој и физичкиот развој.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во трето одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;

- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно и во кои наставникот внесува **податоци за постигањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по македонски јазик (когнитивно-интелектуален, социо-емоционален и психомоторички аспект). *Евалвационите листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на ниво на второ одделение и не се преодни за повисокото одделение.*

*МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

На крајот од второто тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување.

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Завршната аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

Согласно со природата на програмата по македонски јазик во трето одделение, проверувањето и описното оценување треба да се реализираат *усно, практично, преку презентација и говорни вежби, или сликовно-писмени вежби со подвлекување, заокружување и сл.*

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и за наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за педагогија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- правилно чита и пишува зборови, реченици и кратки текстови на кирилско печатно и ракописно писмо;
- правилно препишува зборови, реченици и кратки текстови на кирилско печатно и ракописно писмо;
- искажува и пишува зборови со правилен ред на букви (гласови) по дадени букви и слики;
- искажува и пишува реченици со правилен ред на зборовите (по дадени зборови и слики);
- разликува потврдна и одречна реченица, како и извична, прашална и расказна реченица;
- препознава општи и сопствени именки и точно го определува нивниот род и број;
- ги користи интерпункциските знаци во реченицата (точка, запирка-во набројување, извичник, прашалник, две точки);
- правилно употребува голема буква (на почеток на реченицата и на сопствени именки);
- ги препознава и разликува глаголите во реченицата;
- рецитира кратки стихови;
- учествува во разговор, известува за настан, опишува предмет, слика, дејствие и слично;
- вербално комуницира,употребува знаковен јазик,дактилологија и чита од уста;
- правилно ги артикулира гласовите во македонскиот јази;.
- синтетизира и правилно пишува зборови и кратки реченици;.
- го препознава семантичкото значење на зборовите и реченицата како целина.

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по македонски јазик за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-521/14
23. 06. 2010 год.
СКОПЈЕ

Скопје ______________